# Ештон Качер наскоро ќе стане татко

Напишано од Unevski
Петок, 29 Ноември 2013 12:59



Во холивудските кругови наголемо се шпекулира дека Ештон Качер наскоро ќе стане татко.

Како што пренесува ТМЗ, неговата девојка Мила Кунис најверојатно е бремена, а гласините потекнуваат од нападот на Ештон врз папараците кои сакале да ги снимат за време на вечера.

На материјалот кој го снимиле се гледа како Ештон ја покрива Мила за не ја снимат, а досега на парот никогаш не му смтаа блицовите на папараците.

Покрај тоа овие гласини се потикнувата и со широката облека на Мила, што е доволно за да почнат приказните.

Парот се повеќе од година заедно, а се зборува и дека Ештон сериозно размислува да ја запроси актерката, откако деновиве и официјално се разведе со Деми Мур.